**20212624196**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 23 ноември 2021 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА 2021-2026 И НА АКЦИСКИТЕ ПЛАНОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖЛИВ ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА 2021-2026 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се формира Координативно тело за следење на спроведувањето на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 и на акциските планови за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 (во натамошниот текст: Координативно тело).

Член 2

Координативното тело се формира со цел да се зајакне координација на сите органи и тела вклучени во спроведувањето на Програмата и на акциските планови од член 1 од оваа одлука.

Член 3

Координативното тело е составено од 22 членови и нивни заменици, и тоа по еден член и еден заменик член од:

- Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
- Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси,
- Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции,
- Министерството за одбрана,
- Министерството за внатрешни работи,
- Министерството за правда,
- Министерството за надворешни работи,
- Министерството за финансии,
- Министерството за здравство,
- Министерството за транспорт и врски,
- Министерството за економија,
- Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- Министерството за информатичко општество и администрација,
- Министерството за труд и социјална политика,
- Министерството за образование и наука,
- Министерството за локална самоуправа,

- Министерството за култура,
- Министерството за животна средина и просторно планирање,
- Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците,
- Секретаријат за европски прашања,
- Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија - ЗЕЛС и
- Комитетот на советите при Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија - ЗЕЛС.

Во работата на Координативното тело може да учествуваат и претставници на други органи и институции, вклучени во спроведувањето на Програмата и акциските планови од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Со работата на Координативното тело претседава членот од Министерството за локална самоуправа.

Административно-техничките работи за Координативното тело ги врши Министерството за локална самоуправа.

Член 5

Координативното тело ги врши следните задачи:

- следење на спроведувањето на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 и на спроведувањето на акциските планови за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026;
- обезбедување навремени и сеопфатни информации за реализацијата на активностите и проектите од Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 и од акциските планови за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026;
- координирање на активностите на сите органи и тела вклучени во спроведувањето на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 и акциските планови за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026;
- учество во организирање на консултативни настани: тематски работилници и конференции, согласно потребите за вршење мониторинг;
- развивање годишен оперативен план за спроведување на мерките и активностите од Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 и акциските планови за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026;
- учество во изготвување редовни годишни проценки и извештаи за напредокот во спроведувањето на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 и на акциските планови за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 и
- учество во спроведување на периодична евалуација и известување по однос на резултатите од спроведувањето на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 и акциските планови за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026;
- предлагање мерки за унапредување на идни национални политики и мерки за понатамошен одржлив локален развој и децентрализација.

Член 6

Координативното тело за следење на спроведувањето на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 и на акциските планови за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 за својата работа еднаш годишно ја известува Владата на Република Северна Македонија.

Член 7

Координативното тело за својата работа донесува Деловник за работа.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-10750/1
23 ноември 2021 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.